# Е-ИНФО 52

Биди ЕКО магионичар со

## MAGIC KIKO

СПЕКТАКУЛАРНО ЕКО
магионичарско шоу со
КРИСТИАН ШОПОВ



**АКТИВНОСТИ НА ПАКОМАК ЗА ПЕРИОД**
Октомври, Ноември и Декември 2024

ПАКОМАК | PRO Europe

ПАКОМАК
СЕЛЕКТИРАЈ
ИДНИНА




# 1 ЕКО МАГИОНИЧАРСКО ШОУ ВО „КИНО ФРОСИНА“

Уникатно искуство кое ги спојува забавата и едукацијата за важноста на рециклирањето и заштитата на животната средина. Во соработка со Кристиан Шопов (Меџик Кико), организиравме едукативно и магично шоу, кое ги воодушеви децата и родителите!
Со неверојатни магионичарски трикови и спектакуларни илузии, Кристиан ги научи децата на важноста на рециклирањето, одржливоста и како секој од нас може да придонесе за почиста и подобра животна средина.

Еко-магионичарскиот викенд се одржа на 14 и 15 декември во „Кино Фросина“ (МКЦ) каде вкупно беа изведени 6 претстави на кои присуствуваа повеќе од 1.000 родители и деца, кои уживаа во магијата и еколошките лекции кои ја промовираат важноста на одржливоста.
Секој настап беше вистинско магично искуство, а целта беше да се поттикне еко-свеста и да се охрабрат децата да станат активни учесници во зачувувањето на планетата.

Овој настан исто така беше поддржан од Амбасадата на Швајцарија во Северна Македонија, Министерство за култура и туризам, „Виталија“ и „Макстил“.




2

## ПОСЕТА НА ДЕТСКАТА ГРАДИНКА „ЈОУДГ НАША ИДНИНА“ ВО ПРИЛЕП

Ја посетивме градинката „Јоудг Наша Иднина“ во Прилеп, каде заедно со магионичарот Кристиан организиравме магионичарско шоу што беше не само забавно, туку и едукативно.

Што се случи? Во рамките на настанот, магионичарот Кристиан ја претстави својата волшебна точка каде преку иновативни магични трикови, децата имаа можност да научат за важноста на рециклирањето и како со едноставни акции можеме да ја зачуваме нашата планета.

Благодарност до сите дечиња од градинката „Јоудг Наша Иднина“ за убавиот пречек кој ни го приредија.



3

## ПОДАРОК КНИГА НА „БУКСТАР“ 2024 ЗА СИТЕ РЕЦИКЛИРАЧИ СО НАД 300 „ЗЕЛЕНИ ПОЕНИ“

Од 30.9 до 03.10 на повеќе локации во Скопје се одржа 10-тото издание на фестивалот на европска литература „Букстар“ 2024 во организација на книжевниот центар „Антолог“.

Сите посетители кои имаа повеќе од 300 „зелени поени“ на „Екомак“ апликацијата добија гратис книга од „Антолог“ без да им се одземаат поените од апликацијата. Истовремено за време на фестивалот се промовираше селектирањето и рециклирањето на стара хартија.

Со оваа акција, ја покажавме моќта на малите чекори: рециклирањето не само што ја штити планетата, туку и ни овозможува да создадеме нови можности, како што се новите книги!



4

## СОРАБОТКА СО ФИЛМСКИОТ ФЕСТИВАЛ ЗА МЛАДИ „ЏИФОНИ МАКЕДОНИЈА“

Во соработка со Филмскиот фестивал за млади „Џифони Македонија“ беше организиран натпревар во селектирање на пластични шишиња и лименки во повратните вендинг машини, како дел од напорите за подигнување на свеста за важноста на повторната употреба на пластика и лименки кај најмладите.

Победничката на натпреварот, Анѓа Давчева, собра 1300 „зелени поени“ и со тоа доби патување на филмскиот фестивал „Џифони“ во Италија следната година.

Сите учесници кои што се вклучија во селектирање за време на одржувањето на фестивалот, од „Пакомак“ добија удвојување на собраните „зелени поени“ како награда за нивниот труд и активност во процесот на собирање шишиња, поттикнувајќи го рециклирањето како важна еколошка иницијатива.

Исто така за време на фестивалот беа поставени поголем број на канти за селектирање на амбалажниот отпад кој што го генерираа учесниците.




5

## „ПАКОМАК“ НА ФМЦГ – САМИТОТ ЗА СТОКА ЗА ШИРОКА ПОТРОШУВАЧКА

„Пакомак“ и оваа година беше дел на јубилејниот 10-ти ФМЦГ Самит за стока за широка потрошувачка.

Самитот се покажа како значаен настан за размена на идеи и стратегии, со акцент на важноста на фер трговските практики и заштитата на животната средина, што е од големо значење за сите компании вклучени во процесот на рециклирање и одржлива трговија, како што е „Пакомак“.



# 6

## ЗАЕДНО ДО ПОЧИСТА И ОДРЖЛИВА ИДНИНА СО „КАМ МАРКЕТ“

Проширувањето на мрежата на повратни вендинг машини за селектирање на пластични шишиња и лименки е возможно само со партнерство со компании како „Кам Маркет“ кој ја препознаа важноста на селектирањети и активно помагаат во поставување на машините во нивните маркети. Досега се поставени ПВМ на седум локации низ Македонија и тоа:

1. КАМ маркет Ѓорче Петров – KMALL, ул. „Ѓорче Петров“ бр. 22
2. КАМ маркет Битола 3, ул. Рокдајл Бр.18, Битола
3. КАМ маркет Крива Паланка, ул. Св. Јоаким Осоговски бр. 1г
4. КАМ маркет Охрид 2, КАМ Village, ул. „7-ми Ноември“ бр. згр. 1 вл1 и 2
5. КАМ маркет Прилеп 6, ул. Цар Самоил бр. 28
6. КАМ маркет Струмица 2, ул. „Маршал Тито“ бр. 142
7. КАМ маркет Струга Генц, ул. Попово Блато бр. 1 – Приземје

Заклучно со септември 2024 година, 4,331 корисници ги искористиле повратните вендинг машини, при што се рециклирани вкупно 116,616 пластични шишиња и лименки, што претставува 3,333 кг. отпад. Овие резултати се само почеток, а со продолжување на оваа иницијатива, заедно ќе постигнеме уште поголеми придобивки за нашата животна средина.




# 7

## СО „ЗЕЛЕНИ ПОЕНИ“ НА КАФЕ ИЛИ ПИЈАЛОК ВО „БАДУ БАР“

Воведување на новитет во „Екомак“ апликацијата на „Пакомак“, почнувајќи од 20 ноември, со собраните зелени поени при рециклирање во повратните вендинг машини корисниците ќе имаат опција да купат и ваучер кој може да се искористи за кафе или пијалок во „Баду бар“ во Скопје.






# 8

## ПОСТАВЕНА ПОВРАТНА ВЕНДИНГ МАШИНА ВО „ВИНЧИНИ“

„Пакомак“ во соработка со „Винчини“ постави повратна вендинг машината за селектирање на пластични шишиња и лименки во фабричката продавница во Виница.

Целата активност беше проследена со организација на настан каде главна улога беше нивната маскота – суперхеројот „Роки“ кој ги едуцираше најмладите како да ја симнат „Екомак“ апликацијата и како да започнат со селектирање.

# 9

## „ПАКОМАК“ И „ЛАДНА“ ВО ЕКО АКЦИЈА ДО 31 ДЕКЕМВРИ

Во месец декември, „Ладна“ повторно ги поттикна своите потрошувачи да учествуваат во кампањата за селектирање преку повратните вендинг машини на „Пакомак“.
Во рамките на оваа иницијатива, купувачите кои ги одлагаа искористените амбалажи од производите на „Ладна“ во повратните вендинг машини и наместо 1 добиваа по 4 „зелени поени“ на мобилната апликација „Екомак“ за секое селектирано шише.

Кампањата беше активно промовирана преку социјалните мрежи на „Пакомак“ и „Ладна“, поттикнувајќи ги потрошувачите да придонесат за почиста околина.



## 10

## ЗАЕДНО СО „АГЕНДА21“ ПРОДОЛЖУВАМЕ ДА РАБОТИМЕ ЗА ПОЧИСТА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ДА ПОСТАВУВАМЕ ВАЖНИ ПРАШАЊА ЗА НАШАТА ИДНИНА

И оваа сезона (4та по ред) сме дел од емисијата „АГЕНДА21“ како главни поддржувачи и учесници.

Оваа соработка ни е доста важна бидејќи преку интересна содржина се делува за зачувување на животната средина и се отвораат теми за одржливост и рециклирање.



## 11

## СОРАБОТКА СО „ВЕРО“ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ПРОМОТИВЕН МАТЕРИЈАЛ

Во соработка со „Веро“ маркетите се поставени промотивни материјали со цел поттикнување на нивните потрошувачи да ги користат повратните вендинг машини поставени во маркетите после искористување на пластичните шишиња и лименките кои што ќе ги купат.






# 12

## „ПАКОМАК“ БЕШЕ ДЕЛ ОД КОНФЕРЕНЦИЈАТА НА МАКП

На 13-14 декември 2024 година, Македонската Асоцијација на Корпоративни Правници (МАКП) успешно ја организираше својата прва конференција на тема „Еколошкото право во фокусот на компаниите – Дилеми, прашања и предизвици“, која е доста значајна за развојот на еколошкото право и за одржливите практики во нашата држава. Овој настан треба да претставува пресвртница во сферата на корпоративната еколошка регулатива, потврдувајќи дека еколошкото право веќе не е само маргинална тема, туку деловен императив.

Извршниот директор на „Пакомак“ и универзитетски професор д-р Филип Ивановски беше дел од панелот „Управување со отпад од пакување“ на кој дел од лидерите во индустријата ги споделија трендовите и политиките за одржливи решенија за отпад. Како дел од партнерите и соработниците, „Пакомак“ уште еднаш ја докажа својата посветеност кон еколошките и корпоративните иницијативи, кои се клучни за градење на посветен и одржлив бизнис модел.







# 13

## СОРАБОТКА СО „А1 МАКЕДОНИЈА“

Започнавме соработка со „А1 Македонија“ како дел од нивната стратешка определба за одржливост и одговорност кон животната средина. Заедно, го стимулираме координираното рециклирање и подигнуваме свесноста кај нивните вработени за важноста на правилното селектирање на отпадот.

Преку оваа иницијатива, „А1 Македонија“ активно ги промовира еколошките практики и се стреми кон создавање на почиста и позелена иднина, што е во согласност со нашата заедничка цел – одржлив развој и заштита на животната средина.

Партнерството со „А1 Македонија“ е уште еден доказ дека со заеднички сили можеме да создадеме значајна разлика и да оставиме поцврст отпечаток на патот кон почист и одржлив свет.




## 14

## УЧЕСТВО НА „ПАКОМАК“ НА ГОДИШНИОТ СОСТАНОК НА ЕКСПРА

Оваа година традиционалниот годишен состанок на колективни постапувачи од Балканот на кој учествуваше и „Пакомак“ се одржа во Софија како дел од прославата на 20-годишнината од основањето на „Екопак“ од Бугарија.

На состанокот, освен „Пакомак“, учествуваа и претставници од Чешка, Грција, Словенија, Унгарија, Бугарија, Кипар, Италија, Белгија како и ЕКСПРА (EXPRA), асоцијацијата на колективни постапувачи со седиште во Брисел.

Како и изминатите години, така и оваа на состанокот се разменија искуства за менаџирање на отпадот, се презентираа последните новости на оваа тема во Европската унија и се отворија важни прашања за процесот за рециклирање и на селектирање отпад.

Еден од најзначајните моменти на настанот беше посетата на современата фабрика за сортирање во Равно Поле, каде што се користат напредни технологии и стручен кадар за управување со големи количини отпад. Оваа технологија ги поддржува напорите на Бугарија во насока на креирање на циркуларна економија.

Балканскиот работен состанок на ЕКСПРА е вредна платформа за размена на најдобри практики, дискутирање на реални предизвици и истражување на начините на кои членовите се справуваат со локалните проблеми во системите за управување со отпад. Овие увидите се клучни, но често занемарени во законодавството.

## 15

## ОДЛИЧНИ РЕЗУЛТАТИ ОД КОРИСТЕЊЕТО НА ПОВРАТНИТЕ ВЕНДИНГ МАШИНИ ВО „ТИНЕКС“ МАРКЕТИТЕ

Во периодот од 1 јануари до 10 ноември 2024 година, „Пакомак“ постави 17 повратни вендинг машини за селектирање пластични шишиња и лименки во „Тинекс“ маркетите.

Во овој период, голем број граѓани активно ги користеле повратните вендинг машини, односно 11.664 корисници реализирале вкупно 138.570 трансакции. Вкупно, во овие машини се селектирани 3.304.294 парчиња пластични шишиња и лименки.

Еден од најважните аспекти на оваа иницијатива е наградувањето на корисниците со „зелени поени“ за секоја рециклирана амбалажа, што претставува дополнителен поттик за граѓаните да продолжат да ги поддржуваат еколошките иницијативи и да се залагаат за одржлив начин на живот.

„Пакомак“ и „Тинекс“ остануваат посветени на заедничката визија за почиста и позелена средина, охрабрувајќи ги сите граѓани да станат дел од оваа значајна иницијатива и да продолжат со поддршката на еколошкиот начин на живот. Заедно можеме да направиме разлика!





## 16 ЕДУКАЦИЈА ЗА ПОЗЕЛЕНА ИДНИНА

Во месец октомври во соработка со „Алкалоид", успешно спроведовме акција за едукација за селектирање и рециклирање во основните училишта во општина Центар. Учениците стекнаа нови знаења за важноста на одржливото управување со отпад и како секојдневните навики можат да придонесат за зачувување на животната средина.

Оваа иницијатива е уште еден чекор кон подигнување на еколошката свест и создавање на одговорна заедница.

Благодарност до сите учесници за поддршката и посветеноста.



## 17 ВТОРА ПОВРАТНА ВЕНДИНГ МАШИНА ВО МАРКЕТИТЕ „ЕЛИДА"

Со гордост ја најавуваме набавката на втора повратна вендинг машина, која ќе биде поставена во маркетите „Елида" во Куманово. Благодарение на нивната решителност како општествено одговорна компанија, преку повратните вендинг машини во Куманово досега се собрани над 250.000 пластични шишиња и лименки.

Бројот на собрана амбалажа, како и бројот на корисници на машините, од месец во месец постојано расте. Ова е доказ дека заедно можеме да направиме вистински промени кон еколошка одржливост.

